Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 26 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 и 246/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 октомври 2020 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала „МХЕЦ ЕХЛОЕЦ со реф.бр.51“ издадена на Друштвото за производство на електрична енергија МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 26/20).

2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите “3 ноември 2020 година” се заменуваат со зборовите “3 август 2021 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство на електрична енергија МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје, со седиште на ул. Никола Парапунов бр.41 Скопје-Карпош (во понатамошниот текст: Друштво), на 20 октомври 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала „МХЕЦ ЕХЛОЕЦ со реф.бр.51“, преку која треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-10/20 од 20 октомври 2020 година.

Регулаторна комисија за енергетика, на Барања на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за „МХЕЦ ЕХЛОЕЦ со реф.бр.51“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за „МХЕЦ ЕХЛОЕЦ со реф.бр.51“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 26/20).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Друштвото, како причина за побараното продолжување наведе дека не било во можност навремено да ги обезбеди сите потребни одобренија/овластувања, измени на проект, сопственост, службеност и долготраен закуп. Друштвото побара подолг рок на важност на оваа лиценца, односно Друштвото побара времетраењето на лиценцата за пробна работа да се продолжи за период од 12 месеци.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното барање е потполно и согласно член 5 став (4) и (5) од Деловникот за работа донесе Решение бр.02-2144/1 на 22 октомври 2020 година, оваа одлука да се донесе на седница без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 22 октомври 2020 година одржа седница на којашто врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 и член 43 став (3) од Законот за енергетика и член 26 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала „МХЕЦ ЕХЛОЕЦ со реф.бр.51“ на Друштвото за производство на електрична енергија МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје, за период од 9 месеци, како период за кој првично и се издава лиценцата.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-10/20**
**22 октомври 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1, nënpika 17 dhe nenit 43 paragrafi (3) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 26 të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19 dhe 246/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 22 tetor 2020, mori

**VENDIM**
**PËR VAZHDIMIN E LICENCËS PËR PUNË PROVË**

1. Vazhdohet licenca për punë provë e hidrocentralit të vogël elektrik "HCEV EHLOEC" me nr.ref. 51, të lëshuar nga Shoqëria e Prodhimit të Energjisë Elektrike HCEV EHLOEC SHPK Shkup, me vendimin për lëshimin e licencës për punë provë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 26/20).

2. Në shtojcën 1 pika 4, fjalët "3 nëntor 2020", zëvendësohen me fjalët "3 gusht 2021".

3. Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit të tij dhe botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**A r s y e t i m**

Shoqëria e Prodhimit të Energjisë Elektrike HCEV EHLOEC SHPK Shkup, me seli në rr. "Nikolla Parapunov" nr. 41 Shkup - Karposh (në vazhdim të tekstit: Shoqëria), më 20 tetor 2020, te Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut (në vazhdim të tekstit: Komisioni Rregullator i Energjetikës), në përputhje me Rregulloren e Licencave, parashtroi kërkesë për vazhdimin e licencës për punë provë të hidrocentralit të vogël elektrik "HCEV EHLOEC" me nr. ref. 51, nëpërmjet së cilës duhet ta kryejë veprimtarinë energjetike - prodhim të energjisë elektrike, PA1 nr.12-10/20 datë 20 tetor 2020.

Komisioni Rregullator i Energjetikës, me kërkesë të Shoqërisë, miratoi Vendimin për lëshimin e licencës së përkohshme për kryerjen e veprimtarisë energjetike - prodhim të energjisë elektrike për "HCEV EHLOEC" me nr. ref. 51 ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 14/20) dhe Vendimin për lëshimin e licencës për punë provë të "HCEV EHLOEC" me nr. ref. 51 ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 26/20).

Shoqëria e ka dërguar kërkesën me dokumentacionin e nevojshëm të theksuar në nenin 7 dhe Shtojcën 1 pika 12, përkatësisht nga Formulari KL 12 i Rregullores së Licencave, në origjinal.

Shoqëria, si arsye për vazhdimin e kërkuar, ka theksuar se nuk ka pasur mundësi që me kohë t'i sigurojë të gjitha miratimet/autorizimet e nevojshme, ndryshimet e projektit, të pronësisë, oficialitetin dhe qiramarrjen afatgjatë. Shoqëria kërkoi afat më të gjatë të vlefshmërisë së kësaj licence, respektivisht ajo kërkoi që kohëzgjatja e licencës për punë provë të vazhdohet për një periudhë prej 12 muajsh.

Komisioni Rregullator i Energjetikës, pasi konstatoi se kërkesa e dërguar është e plotë dhe në përputhje me nenin 5 paragrafi (4) dhe (5) të Rregullores së Punës, miratoi aktvendim nr.02-2144/1 datë 22 tetor 2020, që ky vendim të merret në seancë të rregullt, pa mbajtje të seancës përgatitore.

Komisioni Rregullator i Energjetikës më datë 22 tetor 2020, ka mbajtur seancë në të cilën, në bazë të nenit 24, paragrafi (1) pika 1 nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës dhe nenit 26 të Rregullores së Licencave, mori Vendim për vazhdimin e licencës për punë provë të hidrocentralit elektrik të vogël "HCEV EHLOEC" me nr. ref. 51, të Shoqërisë së Prodhimit të Energjisë Elektrike HCEV EHLOEC Shkup, për periudhë prej 9 muajsh, si periudhë për të cilën edhe lëshohet licenca.

Nga sa më sipër, u vendos si në dispozitivin e këtij vendimi.

**KËSHILLË JURIDIKE:** Kundër këtij vendimi mund të iniciohet kontest administrativ në afat prej 30 ditësh nga dita e marrjes së tij.

**PA1, nr. 12-10/20**
**22 tetor 2020**
**Shkup**

**Kryetar i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Марко Бислимоски**